# FOREVER

MACEDONIA

Февруари 2016 | Број 172



# Forever Freedom2Go

# Џебен Фридом

## ОПИС И СВОЈСТВА

Џебен фридом, како што самото име го покажува тоа, ќе ви го понуди корисниот пијалок и многу повеќе. Џебниот фридом ги има сите корисни својства на Форевер фридом, но и уште нешто. Земете ја моќната калинка-без сомнение една од најбогатите овошки со антиоксиданти, искомбинирајте ја со состојките кои успеваат да ги одржуваат зглобовите здрави и подвижни, додадете ја оваа смеса на уникатниот гел од алое вера на Форевер, и тоа заедно исипете го во една симпатична, мала и удобна опаковка и ќе го добиете Џебниот Фридом! Сега веќе нема причина да ја пропуштите вашата корисна доза, која ги одржува вашите зглобови, додека се препуштате на дневниот ритам...Џебниот фридом е тука за да ви даде сила за сѐ што ќе ви донесе вашиот активен начин на живот. Зглобовите имаат потреба од движење, за да бидат здрави. Нашите преоптоварени тела имаат потреба од поткрепа на имунолошкиот систем, за да можеме да го одржуваме ритамот. Глукозамин сулфат и хондроитин сулфат се природни состојки кои се докажани со своето корисно својство за здрави и подвижни зглобови. Метил сулфонил метан (МСМ) е основниот извор на органски сулфур, од кој нашиот организам има потреба за да ги одржува здрави сврзните ткива и зглобови. Форевер ги искористи овие три моќни состојки на Форевер Фридом, заедно со нашиот исклучителен гел од алое вера со неговите својства да одржува имунитетот и кон тоа го додаде вкусниот антиоксидантен сок од калинка. Резултатот е - голема сила во мало пакување! Глукозаминот е шеќер кој се произведува во организмот. Тој се содржи во мали количини во ограничен број на производи за исхрана. Неговата гелообразна структура го омекнува подвижниот дел од зглобовите и ја зајакнува ‘рскавицата. Се смета дека глукозаминот ја заштитува и заздравува ‘рскавицата околу зглобовите. Според испитувањето, објавено во октомври 2002 г. во “Архиви на интерната медицина” (Archives of Internal Medicine) и цитирано од www.wholehealthmd.com, секојдневниот прием на глукозамин сулфат ја намалува болката и ја подобрува мобилноста на зглобовите. Затоа не пропуштајте да ја земете својата доза Џебен фридом пред да отидете на тренинг, прошетка или пливање. Дајте им ја потребната поддршка на вашите зглобови! Хондроитинот исто така е природна компонента на ‘рскавицата, кој го омекнува движењето на зглобовите. Исто така можно е хондроитинот да ги блокира ензимите кои го уништуваат ‘рскавичното ткиво. Ако додадете хондроитин суфат кон вашиот режим на исхрана, можете да си обезбедите здрави и подвижни зглобови долго време. А Џебниот фридом во списокот на состојки содржи и МСМ. МСМ е органска форма на сулфур за која се смета дека помага во одржувањето на здрави сврзни ткива и добра функција на зглобовите. Џебниот фридом е едно мало чудо со голема сила, ставено во удобно пакување! Џебниот фридом е уникатна комбинација од неверојатниот алое вера гел на ФЛП, појачан со природните состојки за одржување на здрави зглобови и антиоксидантната моќ на калинката. Овој пијалок е еден од најквалитетните и најполезни пијалоци во групата на додатоци во исхраната кои се нудат на пазарот. Калинката содржи повеќе антиоксиданти од црвеното вино, зелениот чај или боровинките. А кога ќе го додадеме витаминот C и гелот од алое вера, вашиот имунолошки систем и сите ваши зглобови во целост ќе ја почувствуваат моќта на Џебниот фридом!

## ОСНОВНИ СОСТОЈКИ

Стабилизиран гел од алое вера (сок), концентриран природен овошен сок од калинка, глукозамин сулфат, хондроитин сулфат и метил сулфонил метан.

## ДРУГИ СОСТОЈКИ

Фруктоза, природна арома на калинка, лимонска киселина (регулатор на киселоста), калиум сорбат (за зачувување на аромата), токоферол (антиоксидант). **Содржи морски ракчиња.**

## ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

Пијте по едно пакување еднаш или двапати на ден, најдобро е пред јадење. Доколку не ја испиете целата содржина од опаковката, остатокот ставете го во фрижидер. За оптимални резултати козумирајте во рокот од 24 часа откако ќе го отворите.



# Сакајте го тоа што го правите

Што би помислиле, ако ви кажам дека одамна не сум работел? Се разбира дека редовно сум во канцеларијата  и разработувам нови политики и подобрувања на бизнисот, а исто и многу патувам по целиот свет, за да се сретнам со вас. Но, не сум работел. Вистината е дека ако човек го сака тоа што го прави, не мора да работи ниту ден.

Основачот на Епл, Стив Џобс, ја имал вистинската идеја за работата, животот и способноста да го промениш светот околу себе:

**„Значителен дел од вашиот живот ви поминува во работа и единствениот начин да бидете навистина задоволни, е да се занимавате со нешто, кое го сметате за добра и достојна работа. А единствениот начин да направите добра и достојна работа, е да го сакате тоа што го правите.“**

Да го сакаш вистински тоа со што се занимаваш, е глагол. Означува дејство. Тешко е, ако не е речиси невозможно да сакаш бестрасно. Засукајте ги ракавите. Фатете се здраво за работа и ставете во брзина. Ќе видите дека љубовта кон тоа што го правите, ви доаѓа однатре. Ќе има пречки за надминување, но тоа е смислата на животот– да растеме и да стануваме посилни.

Се надевам дека секој од вас се буди наутро со љубов кон тоа со што се занимава, и со сознанието дека има уникатна можност да има позитивно влијание врз животот на другите. Се надевам дека се НАСМЕВНУВАТЕ. А ако не се насмевнувате или околу вас има луѓе кои не се насмевнуваат, запрашајте сè што можете да направите, за да ги промените работите.

Сакајте го тоа што го правите. Ценете ги и грижете се за луѓето кои ве поддржуваат по патот, и одеднаш ќе почувствувате како работата повеќе ќе наликува на цел.

Засекогаш Ваш,

**Rex Maughan**






# НЕГА НА КОЖАТА НА КРАЈОТ ОД ЗИМАТА

Ниските температури може да доведат до слаба циркулација и проширени капилари и резултатот често е сува и иритирана кожа без сјај. Всушност во тек на зимата може да се промени дури и типот на кожата. Понекогаш мрсната кожа станува мешана, мешаната – сува, а сувата поцрвенува и по неа се појавуваат многу суви делови. Независно каков тип е кожата, неспорно е дека во студените месеци најтешко е да ја одржиме нејзината оптимална влажност.

За да е здрава вашата кожа и на крајот на оваа тешка сезона за неа, нема да згрешите ако го промените начинот на кој се грижите за неа. Производите кои сте навикнати да ги користите во останатиот дел од годината, тешко се справуваат со студот надвор и сувиот воздух во затворени простории. Еве неколку предлози од нас.

## Ексфолирајте

Нежното отстранување на мртвите клетки од површината на кожата всушност го потпомага дејството на лосионите и кремовите, бидејќи им го ослободува патот и им дозволува да навлезат доволно длабоко и да ги хидрираат ткивата целосно. Алое ексфолијантот за длабоко чистење од колекцијата „Соња“ (код: 278) е нежен и идеално ги комбинира смирувачкото и хидрантно алое вера, природните микросфери на масло од јојоба и глицерин. Доволно е да се користи два пати седмично.

## Изберете похранлив крем

Често во зима имаме потреба од поинтензивна хидратантна нега за телото и лицето. Ако во останатите сезони користите сосем лесни производи, по долготрајното ладно време може да ви е потребно нешто похранливо. За оптимална дневна и ноќна хидратација на лицето ви препорачуваме да ги пробате двата врвни производи од колекцијата „Соња“ – балансирачкиот крем со алое (код: 280) и серумот со алое и бел чај (код: 281).

## Негувајте го телото веднаш по туширање

Според истражувањата, најдобро е да нанесувате лосион за тело до три минути по капење. Така кремот ја чува и дополнува влажноста која останува на кожата по туширањето.Алое лосионот (код: 062) и хидратантниот алое лосион (код: 063) имаат висока содржина на чист, стабилизиран гел од алое вера и придонесуваат за хидратирање и смирување на кожата. И двата содржат колаген и еластин за глатка и мека кожа. Одлични се за сува, испукана и иритирана од ветер и студ кожа. Алое лосионот има полесна конзистенција, а хидратантниот е погуст и интензивен.

## Не ги заборавајте усните

Сувите и испукани усни не се ретткост во зимата. А и многу од нас ја влошуваме ситуацијата со тоа што ги оближуваме за да ги навлажниме, а студениот воздух моментално ја извлекува влажноста и причинува уште поголема иритација. Одлично решение е Форевер алое липс (код: 022). Балсамот ги смирува и хидратира усните со уникатна комбинација од алое, јојоба и пчелен восок.

## Додадете малку боја

Во долгите студени месеци повеќето од нас го поминуваат времето во затворени простории и тенот сигурно ни е избледнат. На помош доаѓа кадифено нежниот алое BB крем (код: 371, 372 и 373), кој хидратира, го изедначува тенот и е основа за шминка. Освен што ги прикрива недостатоците, обоениот крем дава мек сјај, штити од сонцето и дава природен и беспрекорен изглед на лицето. Изберете го најдобриот за вас од трите нијанси – натур, песок и какао.

Со Форевер можете да изгледате и да се чувствувате подобро во секоја сезона!



# Најмногу нè радува вашиот успех!



## Почитувани сопственици на Форевер бизнис,

Првите денови на успехот секоја година се исклучително возбудливи. И причината не е само тоа што уште еднаш бележиме раст од вкупно 7,5% на продажбите на Форевер Ливинг Продактс во Бугарија и Македонија. Или затоа што семејството од ентузијазирани новус клиенти и сопственици на Форевер бизнис во двете држави е зголемено со нови 3 500 луѓе, или дека имаме стотици нови Асистент Супервизори, многу нови Супервизори, Асистент Менаџери, Менаџери „Орел“ и различни други квалификации и награди. Или дека сме исплатиле неколку милиони во формата на бонуси и дополнителни стимули. Сè што наброивме е одлично и се должи на вас – одличните пријатели на нашата компанија, за што од срце ви благодариме! И не само цифрите нè прават среќни. Најубавото нешто за време на овие возбудливи настани е тоа што гледаме како во изминатата година толку многу од вас го имаат променето својот живот! Некои го направиле првиот чекор кон новото, други се во процес на промена, а трети со години уживаат во нешта за кои само сонувале, пред да започнат да го градат својот бизнис со Форевер.

Историите за вашиот успех и вашата радост од новиот живот како слободни и претприемчиви луѓе, кои ја имаат својата судбина во сопствените раце, се нештата кои најмногу нè радуваат. Тие нè даваат сила да продолжиме со истиот ентузијазам и љубов и да правиме сè што можеме за да доживуваме сè повеќе такви незаборавни моменти во вашата компанија!

Заедно сме дел од најголемиот производител и распространувач на производи од алое вера во светот. Дел сме од компанијата која го предлага најдарежливиот маркетинг и компензационен план во мрежната индустрија и која повеќе од 37 години постојано расте и се развива, обезбедувајќи им на луѓето не само во Бугарија и Македонија, туку и во повеќе од 155 држави во светот достапна можност да бидат поздрави, повитални и да го живеат животот за кој сонуваат.

Од срце посакуваме уште многумина да ја искористат оваа неверојатна можност и сите вие можете да помогнете за тоа. Среќавајте сè и зборувајте секојдневно со нови луѓе. Раскажувајте им за позитивниот ефект кој лично сте го имале од употребата на нашите производи. Покажувајте им како и тие да си го променат животот, градејќи си достапен и успешен сопствен бизнис без инвестиции, без ризик, независно од пол, возраст или образование. Организирајте повеќе презентации за производи и бизнис и водете гости на секој групен или настан организиран од фирмата. Секојдневно бидете фокусирани и ангажирани и ние сме сигурни дека и оваа година животот на многу од вас ќе се промени на подобро. Верувајте, за нас нема ништо поубаво од тоа!

Со љубов,
**Стефан и Тања Стаеви**
и целата екипа на Форевер
во Бугарија и Македонија

# SUCCESS DAY-24.01.2016




















#SuccessDay
#SuccessDay
#SuccessDay
#SuccessDay
#SuccessDay




PRODUCTS
MACEDONIA


FOREVER
LIVING
PRODUCTS
MACEDONIA
#SuccessDay



LIVING
PRODUCTS
MACEDONIA
#SuccessDay
#SuccessDay
#SuccessDay


MACEDONIA


#SuccessDay



PHILIPS






# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈАНУАРИ 2016 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Бошкови Лидија и Тони – Скопје
2. Бреслиска Наташа – Скопје
3. Вејсели Вљора – Тетово
4. Гоцевска Сузана – Гевгелија
5. Даути Јахја Емел – Гостивар
6. Донеска Ивана – Штип
7. Ѓеорѓиевска Викторија – Куманово
8. Ѓоргиева Валентина – Скопје
9. Ивановска Даниела – Куманово
10. Калчева Марија – Богданци
11. Крстевска Маја – Куманово
12. Паневска Елизабета – Штип
13. Пејовиќ Силвана – Скопје
14. Петрова Валентина – Неготино
15. Ташкова Сузана - Радовиш

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Слафко Михајловски
3. Др.Снежана Контра
4. Блага Крстеска
5. Катерина Трајчевска
6. Славица Донакова
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Младен Димовски
10. Стевица Димовска

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Вера Златковска
3. Дончо Ѓорѓиев
4. Катерина Трајчевска
5. Стевица Димовска
6. Младен Димовски
7. Жарко Георгиевски
8. Слафко Михајловски
9. Славица Донакова
10. Виолета Степаноска

## Соопштение

**Најдоцна до 20.02.2016 год. сите СФБ кои нема да добијат по пошта на домашна адреса - Потврда за исплатени бонуси во 2015 година, да се јават во канцеларијата на Форевер на тел. 02 2465846.**




**Први чекори до Менаџер**
цена 100 денари

**Претставување на бизнис можноста**
цена 80 денари







**Каталог на производи**
45 денари

## Претставување на Форевер

**Тетово – 11.02.2016, Хотел Лирак, 19 часот**

**Велес – 16.02.2016, Градска библиотека "Гоце Делчев", 19 часот**

**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните промоции и настани.**


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.